Изработено од учениците од училишниот новинарски и медиумски клуб „Гласот на младите”, ООУ „Блаже Конески” - Аеродром,Скопје

УЧИЛИШТЕН ВЕСНИК

ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ”



Прво издание
Октомври-Декември, 2024

Директор: Виолета Ристовска

Одговорен наставник: Билјана Шотаровска

Лектура и јазична редакција: Марија Костовска и Тања Јанкуловска

Главен уредник: Веда Анакиоска

Главен уредник на списанието: Елена Тасевска

Техничка поддршка: Лука Јоакимовски

Графички дизајн: Елена Тасевска

Редакција: Миа Миљовска, Анамариа Саботкоска, Андреја Стојанова, Илина Јанкуловска, Михаела Илиева, Гала Нановска, Анисија Наумоска, Лана Манева, Лука Петрески, Неда Тасевска, Душица Јорданова, Каја Панчиќ, Грегор Хусеин-Никодиновски, Лука Матич, Јана Sунзуровска, Елеонора Џурџевич, Меглена Алексовска, Мила Попстефанов.

СОДРЖИНА

КАМЕН ТЕМЕЛНИК 3

ERAZMUS+ ПРОЕКТ ,,ЕКОДОГОВОРНИ ГРАЃАНИ” 4

СПОРТ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ 5

БРАТСКО СТЕБЛО 6

РАБОТИЛНИЦА ,,ДИГИТАЛЕН ПЛАСТИЧЕН ОТПАД” 7

СВЕТСКИ ДЕН НА ДЕТЕТО 8

СВЕТСКИ ДЕН НА ТЕЛЕВИЗИЈАТА 9

ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА 10

МАКЕДОНСКИ ДЕЈЦИ 11

103 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ 12

ПАТРОНЕН ПРАЗНИК ,,ПРЕРОДБА” 13

НОВОГОДИШЕН БАЗАР 14

КАМЕН ТЕМЕЛНИК



Основното Општинско училиште "Блаже Конески" започна со својата реконструкција уште за време на летниот распуст.
Во чест на почетокот на неговата изградба, беше оддржана манифестацијата со наслов "Камен темелник" каде присуствуваа личности од Општина Аеродром, како и Премиерот на државата.



На овој настан гостите беа пречекани традиционално, беа послужени со погача со сол и буковец, и локум од ученици во народна носија.
За крај настанот беше исполнет со музичка точка од страна на училиштниот хор на нашето училиште.



ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТ

„ECO RESPONSIBLE CITIZENS”





Нашите ученици во периодот од 29 септември до 4 октомври го реализираа Еразмус проектот „Eco Responsible Citizens” во Португалија. Тие се запознаа со учениците од Турција и Португалија, ги претставија своите држави, изработија неколку проекти, запознаа нови култури и посетија прекрасни дестинации во Лисабон, Синтра, Самора Кореиа. Нашите ученици се вратија со многу нови искуства и пријателства и прекрасни впечатоци.





СПОРТ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ



Кошарка

Нашето училиште учествуваше на општинскиот натпревар по кошарка со наставникот Игор Гацев по физичко образование на кој учениците освоија прво место. Натпреварите ги играа против ,,ООУ Лазо Ангеловски'' и ,,Љубен Лапе'' , а финалето го играа против ,,ООУ Браќа Миладиновци''.

Одбојка

Нашето училиште учествуваше на општинскиот натпревар во одбојка со наставникот Игор Гацов по физичко и здравствено образование на кој учениците освоија второ место во групата Б. Натпреварите беа играни во училиштето ООУ Лазо Ангеловски против ООУ Гоце Делчев и ООУ Љубен Лапе






Ракомет

Нашето училиште учествуваше на општинскиот натпревар по ракомет и го освоија третото место.

БРАТСКО СТЕБЛО



На ден 8ми ноември во училиштето ,,ООУ Браќа Миладиновци’’ се одржа Еко акција во училишниот двор. Двете училишта ,,ООУ Браќа Миладиновци’’ и ,,ООУ Блаже Конески’’ засадија "Братско стебло" во дворот. Ова дрво ќе го одбележува заедничкиот труд и соработка на двете училишта. Во Еко акцијата учевствуваа учениците од двете училишта, со заеднички сили го чистеа училишниот двор, засадија цвекиња и дрва, наводнуваа растенијата и пред се сè грижеа да го разубаваат училишниот двор.











РАБОТИЛНИЦА

„ДИГИТАЛЕН ПЛАСТИЧЕН ОТПАД”

Тим од ученици и наставници од ООУ "Блаже Конески" беа во посета на ИНО ФАБ Лаб, лабораторија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје каде учествуваа на работилоница во рамки на проектот "Дигитален пластичен отпад". На работилницата за рециклирање на пластика учениците работеа на селекција на пластични капачиња, се запознаа со процесот на нивно мелење и екструзија на смелената пластика во филамент за 3Д принтер добиен од целосно рециклирана пластика! Филаментот ќе го искористиме на 3Д принтерот во нашето училиште кое го добивме во рамки на овој проект.









20 НОЕМВРИ СВЕТСКИ ДЕН НА ДЕТЕТО

На 20 ноември 1959 година, генералното собрание на обединетите нации усвои декларација за правата на детето, а 30 години подоцна, на истиот ден, беше усвоена и конвенцијата за правата на детето. Ова се многу важни документи кои ги штитат правата на сите деца во светот, без разлика на тоа каде живеат, што прават нивните родители или какви се нивните услови за живот.

Светскиот ден на детето се одбележува секоја година на 20 ноември, и тоа е ден кога се истакнуваат проблемите со кои се соочуваат децата. Многу деца во светот се изложени на насилство, глад, болести и немаат пристап до образование. Тие живеат во сиромашни земји или места каде немаат доволно ресурси за да растат здраво и среќно. Овој ден треба да биде потсетник за сите нас да се грижиме за децата и да ги штитиме нивните права.

УНИЦЕФ, организацијата која се грижи за добробит на децата, на овој ден повикува сите да се приклучат и да помогнат. Со тоа ќе се осигура дека децата ќе имаат подобар живот, дека ќе можат да учат и да растат без насилство. Правата на децата се многу важни, затоа што тие се иднината на нашиот свет и заслужуваат да живеат во безбедност и љубов.

21 НОЕМВРИ

СВЕТСКИ ДЕН НА ТЕЛЕВИЗИЈАТА

Телевизијата е еден од првите медиуми кои ја најавуваат глобализацијата во современиот свет.
Обединетите нации, 21-ви ноември 1996 година го прогласуваат за Светски ден на телевизијата, со одлука на Генералното собрание. Целта на овој ден не е да се истакне технологијата за емитување сигнал во етерот, туку влијанието врз модерните општества и начинот на носење одлуки кај публиката. Зборот "телевизија" за првпат е употребен во 1900 година на меѓународниот конгрес во Париз. Владимир Зворикин и Фило Франсфорт се луѓето одговорни за електронскиот систем, кои ја одржаа својата прва демонстрација во Филаделфија во 1934 година во институтот Френклин. Две години подоцна, во Лондон започнуваат првите нередовни телевизиски преноси. Според податоците на аналитичката куќа „Адвертајзинг и медиа аутлук“ до 2026 година ќе има 5,8 милијарди гледачи на телевизија. Телевизијата е најпопуларниот мас- медиум до денес, токму поради моќта на пренос на слика во боја и звук, со што гледачите и слушателите можат да имаат целосен впечаток за настаните. Со појавата на интернетот многу телевизии своите програми ги прилагодија за следење во живо на компјутери, лаптопи и телефони. На овој начин ТВ стана уште помасовно достапна до публиката.



ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА


Вештачката интелегенција е составена од компјутери и софтвери и е дел од компјутерската наука која развива “интелигентни” машини и софтвери.
Вештачката интелегенција е пронајдена од Џон Мекарти. Додека Алан Туринг го имаше познатиот тест именуван по него, а на Мекарти обично му се припишува заслугата за вештачката интелигенција. На собирот за летниот истражувачки проект на Дортмунд во 1956 година за вештачка интелигенција, создавањето на терминот му беше припишано на него. Денеска, многу луѓе кога ке се спомне за вештачката интелегенција помислуваат на “open AI” или повеќе познато како “Chat GPT”. Chat GPT е перфектен пример за вештачката интелегенција. Со едно пребарување на корисникот, може да развие целосна содржина. Многу луѓе ја искористуваат ВИ на непотребни начини. Корисниците некогаш не знаат дека ВИ може да направи големи промени во светот. Илон Маск објасни дека во иднината големи се шансите, да исчезнат некој работни места, а сите услуги кои ни се потребни можат да бидат обезбедени од вештачката интелегенција. Меѓутоа, вештачката интелегенција не е ниту совршена, ниту апсолутно точна. Затоа треба да научиме како правилно да ја користиме и да знаеме кога да и веруваме. ВИ можеме да ја користиме при истражувања, при учење или при создавање модели во различни области. Така на пример неколку научници во 2024 година ја добија Нобеловата награда за хемија со употреба на вештачката интелегенција. Во иднина ВИ ќе има се поголема примена во индустријата и во образованието. Во однос на нас учениците може да ни помогне за вежбање во математиката, странските јазици и многу други предмети како да провериме своето знаење, но не и да ги преземаме содржините во целост. Тоа е сепак, недозволиво бидејќи не е наш труд, а покрај тоа ако се навикнеме да преземаме решенија од ВИ ќе немаме мотивација и знаење самите да создаваме.






МАКЕДОНСКИ ДЕЈЦИ

Св. Климент Охридски





8 декември - Ден на Св. Климент Охридски

Денот на св. Климент Охридски кој се празнува на. 8 Декември во Македонија и е државен празник, се одбележува делото на првиот оригинален словенски писател и просветител, првиот словенски епископ и творец на Охридската книжевна школа.

Овој празник од верски аспект е многу значаен за градот Охрид, но и за целата македонска држава и македонската православна црква. Се слави како именден и како куќна слава.

Климент Охридски ученикот на Кирил и Методиј, е познат по тоа што ја има создадено кирилицата и развил богата кневна дејност покрај црковните и педагошките дејности. Исто така Свети Климент е основач на познатата Охридска книжевна школа која е наречена уште и прв словенски универзитет, каде што се образувале над 3 500 ученици.







Коста Солев Рацин

Денес се одбележуваат 116 години од раѓањето на Коста Солев Рацин, роден на 22 декември 1908 година во Велес. Со својата збирка „Бели мугри“, тој стана симбол на македонската поезија и борбата за слобода. Трагично загина во 1943 година на Лопушник, но неговото дело останува безвременски сведок на љубовта кон народот и правдата. Рацин останува инспирација за генерации, со својот живот и стихови врежан длабоко во македонската историја.

103 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ



Блаже Конески, еден од најзначајните македонски поети, лингвисти и културни дејци, е роден на 19 декември 1921 година во село Небрегово, близу Прилеп. Тој е еден од главните творци на современиот македонски литературен јазик и остави длабок печат во развојот на македонската книжевност и култура.

Конески е познат не само како поет и писател, туку и како филолог кој даде значаен придонес во македонскиот јазик, работејќи на првата граматика, речник и правопис. Неговото творештво е обележано со длабока емоционалност и мисловност, како и со исклучителна јазична прецизност.


19 декември се одбележува како ден за почит кон неговото дело и придонес кон македонската култура.

ПОЛОЖУВАЊЕ НА ЦВЕЌЕ

На ден 19 декември, по повод патрониот празник на училиштето ООУ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ" директорката на училиштето и други претставници положија цвеќе пред бистата на Блаже Конески. Со овој чин се оддаде почит на неговото животно дело и придонес за македонската книжевност и култура. Учениците од училиштето прочитаа избрани песни од Блаже Конески пренесувајќи ја неговата вечна порака за љубовта кон татковината и јазикот.







ПАТРОНЕН ПРАЗНИК „ПРЕРОДБА”









На 20.12.2024 година (петок) во просториите на Меѓународен Балкански Универзитет се одржа настан по повод Јубилејниот патронат, 70 години од постоење на нашето училиште.

Во рамки на овој настан беше подготвена Монографија како траен запис за реализираните настани, проекти и постигнати успеси низ годин ите, како и визијата која не води во насока на продолжување на раст на училиштето и создавање подобри услови за работа.

Особена чест и задоволство ни претставува учеството на изминати генерации директори, наставници, ученици, кои преку видео запис ги пренесоа нивните искуства и одредени факти значајни за училиштето и неговиот растеж.

Благодарност до сите организатори, учесници и поддржувачи кои го издигнаа настанот на повисоко ниво.

Со гордост се потсетивме на початоците , воедно и со посебна одговорност, поттик и мотивација да продолжиме понатаму и да го оправдаме името на нашето училиште.

За најмладите, за генерациите што ќе доаѓаат и за нивното градење како личности во општеството. Тие се нашата иднина.

QR код од прославата за патрониот празник





НОВОГОДИШЕН БАЗАР



На ден 25.12.2024 одржа новогодишен, хуманитарен базар на кој не посети познатиот пеач Бени, учениците продаваа разни домашни колачиња, кифли и слично како и изработени честитки и новогодишни украси.















Нашиот инстаграм профил:
@glasotnamladite



ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ООУ ,,БЛАЖЕ КОНЕСКИ''- АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ
ул.,,Венјамин Мачуковски'' 1000, Аеродром,Скопје
ooublazekoneski.edu.mk